# ЃУРЃОВДЕН, ПРАЗНИКОТ НА ЛЕГЕНДИТЕ, ТРАДИЦИЈА НА СИТЕ ИЛИ НА РОМИТЕ?

*автор: Аријета Тахири*



Time of the Gypsies (1998) - Avtori GordanMihić Emir Kusturica

**Ѓурѓовден се слави години наназад. Денес некои го слават затоа што го знаат неговото значење. Други не го слават. Многумина мислат дека Ромите имале практика да превземаат празници и да ги слават, затоа што се весел и миролјубив народ. Стереотипи ли се ова или не се? Причина повеќе за гозби и веселби или симбол на децениска традиција? За да ги замениме дилемите, прашалниците и стереотипите со релевантни податоци, побаравме одговори од професор Љатиф Демир за историјата на овој празник и зошто се слави „повеќе“ кај Ромите.**

„Традиционалниот празник Херделез (Ѓурѓовден) се слави од 6-ти до 9-ти мај. Со овој празник Ромите го прославуваат заминувањето на зимата и доаѓањето на нивното најомилено годишно време - летото. Претходно ги чистат и бојадисуваат своите куќи во разни бои. Купуваат нова облека и обувки за да бидат променети, како што се променува природата. Ден пред прославата на празникот, 5-ти мај, одат во религиозните храмови во знак на благодарност кон Бога. Истиот ден собираат зелени гранки од топола и разни пролетни цветови со кои ги китат куќите и ги бањаат своите деца за да им бидат здрави како природата и високи како топола. Во доцните попладнинња ги колат јагнињата во чест на празникот. Овој празник трае четири дена и се обележува со посета на роднините и пријателите, со многу музика и богата трпеза. Последниот ден (4ти ден) Ромите со излегување во природата и ја испраќаат зимата и го очекуваат летото ”, *вели Д-р. Сц. Љатиф Демир, Филозофски факултет – Загреб, отсек за Индологија и далекоисточни студии, дипломски (магистерска) студија: РОМИСТИКА.*

**Според него, главни обележја на овој празник за Ромите се животните вредности, како што се љубовта, среќата, задоволството, усогласеноста и мирот.**




Професор Љатиф Демир (лична архива)

„Затоа што тоа се универзалните принципи и никој нема „авторски права“ над нив. Тие празнични животни вредности подеднакво се подарени на сите живи суштества - на растенијата, животните и на луѓето. Ромите имаат двозначно славење на овој празник кој го носат со себе како животна вредност од нивната прататковина Индија. Во Херделез/ Хедерлез (некои научници овој ромски празник го именуваат и како Какави) се спојуваат два значајни празници - празникот Холи и славењето на Божеството на Индра. Празникот Холи е многу стар по потекло, се опишува во древните списи на Индија (во нивните сутри) и има свое длабоко духовно значење. Суштината на овој празник, со кој се врзуваат многу митови и легенди, е прослава на конечната победа на доброто над злото. На самиот ден на празникот, кој се нарекува и фестивал на боите, луѓето со голема радост меѓусебно се залеваат со бои, играат, слават, се веселат и оддаваат добредојде на летото.

Второто значење е славењето на Божеството на Индра, кој за разлика од многуте други ведски божества има и своја човечка форма. Многу митски форми во борбите со демоните му се придава на Индра, но еден мит посебно е врзано за Индра. Во тој мит страшниот змеј/ змија по име Вртра (во превод Препрека) ја заробил водата од реките и не дозволувал да се наводнуваат житните полиња или да се обезбеди вода за пиење на луѓето или животните. Индра го убива змејот, ги ослободува водите и на целиот жив свет му носи просперитет и изобилство со вода која е многу важна во човековото опстојување.

Накратко тоа е објаснувањето на врската на Ромите и Херделез. *Овој празник е врзан со нивниот идентитет. Секако самата тема бара многу објаснувања и се надевам дека во блиска иднина би требало да се одржат отворени предавања на теми како што се „Ромските традиционални празници и нивниот идентитет“ и „Празниците, Ромите и нивната идентификација со нив“*, *дообјаснува Демир.*

**На овој начин, верува професорот, ќе се расчистат многу дилеми во ромската популација и ќе се откријат многу работи од нивното минато, сегашност и иднина.”**





Globtroter.pl Autor jaba ( SO:5 | SW:0 )

Дека не постојат авторски права за да се одбележува мудроста и рамнотежата на универзалните принципи говорат многу извори на податоци кои докажуваат дека Ѓурѓовден го празнуваат и други народи ширум светот. Некои го одбележуваат како национален празник, други како празник патрон на држави и градови. Се поврзува со војводата „Св. Георгиј“ кој верувал во Господ Исус Христос и го прифаќал христијанството. Неговото прифаќање на верата му носи смрт а во легендите е светец кој ја убива ламјата која правела голема штета на народот. Оттаму, Светата црква го празнува како Великомаченик или во Македонија како Ѓурѓиц. „Свети Георгиј“ се споменува во Москва, Англија и Каталонија и претставува патрон на Грузија.

Македонците, исто така, го слават и одбележуваат Ѓурѓовден како симбол на започнување на летото што сметаат дека трае до Митровден. Тоа го опишуваат со поговорката „Дојде ли Ѓурѓовден, чекај си Митровден”. На овој празник постои обичај да се одбираат нови сточари, овчари и слични поглавари во земјоделството и сточарството. Затоа се смета и за земјоделски или сточарски празник. Легендата за Св. Георгиј не изостанува и тука. Исто така и за нашите сонародници претставува т.н „небесен клучар“ кој ги контролира природните појави, односно поточно, има моќ да имаат топло лето и богат бериќет.

**Судот го оставаме на Вас драги читатели. Сепак, новите генерации се тие кои одлучуваат за негување на традицијата, имаат право на мислење и избор на сопствен животен стил и верување.**



laziqacaz.sylaz.fr Auteur de l'article : MmeCazagou